Скопје
Fah 51

# СЛУЖ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 6 јануари 1972
БЕЛГРАД
БРОЈ 1 ГОД. XXVIII

Цена на овој број е 4 динари. — Претплатата за 1972 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671.

1.

Врз основа на член 8 од Законот за Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИИ И КОМИТЕТИ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

1. Во Одлуката за формирање комисии и комитети на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/71) во точка 14 одредбата под 4 се менува и гласи:

„4) Комитет за наука, технологија, образование и култура.".

2. Точка 18 се менува и гласи:

„18. Комитетот за наука, технологија, образование и култура ги разгледува прашањата од надлежноста на Сојузниот извршен совет од гледиштето на обезбедување услови за развој на науката, технологијата, образованието и културата, на модернизацијата и примената на научните и техничките достигања во стопанството и во другите области, како и прашањата на соработката со други земји и меѓународни организации во областа на науката, технологијата, образованието и културата."

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 243
29 декември 1971 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

2.

Врз основа на чл. 3 и 8 од Законот за Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71 и 54/71), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ВИСОЧИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ И ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА МЕЃУРЕПУБЛИЧКИТЕ КОМИТЕТИ И НА РАБОТНИТЕ И ДРУГИ ТЕЛА НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

1. На членовите на меѓурепубличките комитети и на работните и други тела на Сојузниот извршен совет, кога присуствуваат на седниците на телата чии се членови, како и на лицата кои по покана од Сојузниот извршен совет присуствуваат на седниците и на другите состаноци што ги организира Советот — им припаѓаат дневници во височина од 150 динари и трошоци на превозот, согласно општите прописи.

2. На членовите на меѓурепубличките комитети и на работните и други тела на Сојузниот извршен совет кои се членови на Советот им припаѓаат дневници и надоместок на трошоците на превозот, согласно одредбата на член 15 од Законот за Сојузниот извршен совет.

3. Дневниците и трошоците на превозот од точка 1 на оваа одлука паѓаат врз товар на средствата на Сојузниот извршен совет.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 244
29 декември 1971 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

3.

Врз основа на член 72, во врска со член 52 став 1 точ. 2 и 7 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „STERN"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „Stern", број 53 од 26 декември 1971 година, кое излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/52
29 декември 1971 година
Белград

Сојузен секретар за внатрешни работи,
**Лука Бановиќ**, с. р.

4.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за техничките мери („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65 и 55/69), сојузниот секретар за стопанство пропишува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ТЕХНИЧКИТЕ МЕРКИ И УСЛОВИ ЗА ЛЕСНО-АГРЕГАТЕН БЕТОН

#### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со одредбите на овој правилник се пропишуваат техничките мерки и услови кои се применуваат при

проектирањето и изведувањето на конструкции од неармиран и армиран бетон изработен врз база на лесни агрегати (во понатамошниот текст: конструкциите).

Член 2

Како неармиран и армиран бетон, изработен врз база на лесни агрегати, се подразбира, во смисла на овој правилник, бетонот кој во целост или делум е изработен врз база на лесни природни агрегати од минерално потекло или на лесни агрегати произведени по вештачки пат (во понатамошниот текст: лесноагрегатен бетон).

Член 3

При проектирањето и изведувањето на конструкции може да се отстапи од одредбите на овој правилник, ако теоретски и експериментално е докажано дека со такво отстапување се обезбедуваат сигурноста на конструкцијата, на животот или на здравјето на луѓето, на сообраќајот, на соседните објекти и на околината.

Член 4

Техничките мерки и услови пропишани со овој правилник се применуваат при проектирањето и изведувањето на конструкции изработени од следниот лесноагрегатен бетон, и тоа:

1) од лесен изолационен бетон со добри изолациони особини, волуменска тежина под 800 kp/m³ и со цврстина на притисок до 50 kp/cm², кој исклучително е наменет за изолациони цели;

2) од лесен изолационо-конструктивен бетон, цврстина на притисок помеѓу 50 kp/cm² и 150 kp/cm², волуменска тежина помеѓу 800 kp/m³ и 1350 kp/m³, кој најчесто се употребува како изолационо-конструктивен бетон;

3) од лесен конструктивен бетон волуменска тежина до 1900 kp/m³, топлотна спроводливост поповолна од топлотната спроводливост на тешкиот бетон и цврстина на притисок најмалку од 150 kp/cm².

Основните карактеристики на лесноагрегатниот бетон од став 1 на овој член се одредени во таблица 1.

**Таблица 1 — Основни карактеристики на лесноагрегатниот бетон**

| Особини | Вид бетон | | |
|---|---|---|---|
| | Изолационен | Изолационо-конструктивен | Конструктивен |
| Цврстина на притисок во kp/cm² | до 50 | 50 до 150 | 150 и поголема |
| Волуменска тежина во kp/m³ | до 800 | 800 до 1350 | до 1900 |
| Коефициент на топлотната спроводливост во kcal/mh °C | 0,05 до 0,25 | 0,25 до 0,60 | 0,60 до 1,00 |

Член 5

Проектот на конструкцијата мора да ги содржи сите податоци и елементи потребни за изведување на објектот, со соодветните пресметки и со докази за предвидените карактеристики на употребените материјали и конструкции.

## II. МАТЕРИЈАЛИ

Член 6

За приготвување на лесноагрегатен бетон може да се употреби природен или по вештачки пат произведен лесен агрегат од едноличен квалитет, од кој може да се приготви лесноагрегатен бетон со карактеристики пропишани со овој правилник.

Член 7

Природни или по вештачки пат произведени лесни агрегати од кои се приготвува лесноагрегатен бетон се:

1) природни агрегати добиени со дробење или иситнување на лесни карпи (морска пена, вулканска лава и пепел, туфови, дијатомејска земја и др.);

2) вештачки агрегати добиени со термичко третирање на природни суровини (глина, шкрилец, перлит, вермикулит и др.);

3) вештачки агрегати добиени со термичко или друго третирање на индустриски отпадоци (гранулирана и експандирана топилничка згура, синтериран летечки пепел, синтерирана рудничка халда и др.);

4) агрегати добиени од нетретирани индустриски отпадоци (ложишна згура и др.);

5) агрегати добиени со третирање на вештачки суровини (експандирани полистиренски гранули и др.).

За приготвување на лесноагрегатен армиран бетон не се допушта употреба на агрегати од точка 4 став 1 на овој член.

Член 8

Според пречникот на зрното, лесните агрегати можат да бидат ситни и крупни.

Како ситен лесен агрегат се подразбира лесен агрегат кај кој:

1) 85% до 100% од зрната минуваат низ сито со големина на отворот 4 mm;

2) волуменската тежина во слободно насипана состојба, исушен до константната тежина, не е поголема од 1100 kp/m³;

3) другите особини им одговараат на одредбите од овој правилник.

Како крупен лесен агрегат се подразбира лесен агрегат кај кој:

1) 95% до 100% од зрната минуваат низ сито со големина на отворот 31,5 mm;

2) волуменската тежина во слободно насипана состојба, исушен до константната тежина, не е поголема од 900 kp/m³;

3) другите особини им одговараат на одредбите од овој правилник.

Член 9

Квалитетот на лесен агрегат што се употребува за приготвување на лесноагрегатен бетон мора да им одговара на условите што се пропишани со овој правилник.

Член 10

Оцената за подобноста на квалитетот на природните лесни агрегати се добива со минералошко-петрографска анализа на природниот агрегат односно на каменот од кој агрегатот се добива со дробење, а со која се утврдуваат потеклото, составот и структурата на агрегатот и присуството на штетни состојки во агрегатот (момирок, аморфен силициумдиоксид, јаглени честици и др.).

Содржината на момирок во ситен агрегат не смее да изнесува повеќе од 1% од тежината на агрегатот. За лесноагрегатен бетон што се наоѓа во сува средина, содржината на момирок во ситен агрегат смее по исклучок да изнесува 2%.

Ако во ситен агрегат се докаже присуството на силицум-диоксид, лабораториски мора да се утврди ефектот на алкално-силикатната реакција, и во тој случај агрегатот може да се употребува само со преземање на соодветни мерки.

Содржината на честици јаглен во ситен агрегат не смее да изнесува повеќе од 0,5% од тежината на агрегатот, а во крупен агрегат — не повеќе од 1%.

Член 11

За приготвување на лесноагрегатен бетон се дозволува употребата на лесен агрегат во сферен, призматичен, цилиндричен и неправилен облик.

Ако се употребува лесен агрегат во призматичен, цилиндричен или неправилен облик, со претходно испитување мора да се докаже подобноста на неговата употреба за изработка на лесноагрегатен бетон.

Член 12

Гранулацијата (зрнест состав) на лесен агрегат мора да им одговара на условите одредени во таблица 2.

**Таблица 2 — Услови за гранулација (зрнест состав) на лесни агрегати**

| Фракција | Тежински проценти на минувањето низ сито | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31,5 mm | 16 mm | 8 mm | 4 mm | 2 mm | 1 mm | 0,4 mm | 0,1 mm |
| Ситен лесен агрегат: до 4 mm | | | | 85 до 100 | | 40 до 80 | 10 до 35 | 5 до 25 |
| Крупен лесен агрегат: | | | | | | | | |
| 31,5 до 16 mm | 95 до 100 | 0 до 10 | | | | | | |
| 31,5 до 4 mm | 95 до 100 | 25 до 60 | | 0 до 10 | | | | |
| 16 до 4 mm | | 90 до 100 | 40 до 80 | 0 до 20 | 0 до 10 | | | |
| 8 до 4 mm | | 100 | 80 до 100 | 5 до 40 | 0 до 20 | | | |
| Комбиниран ситен и крупен лесен агрегат: | | | | | | | | |
| до 16 mm | | 90 до 100 | | 50 до 80 | | | 20 до 80 | 2 до 15 |
| до 8 mm | | 100 | 90 до 100 | 65 до 90 | 35 до 65 | | 10 до 25 | 5 до 15 |

Ако се употребува лесен агрегат чија гранулација не им одговара на условите одредени од таблица 2, со претходно испитување мора да се докаже подобноста на неговата употреба за изработка на лесноагрегатен бетон.

Гранулацијата на лесен агрегат мора да биде уедначена и мора да одговара на гранулацијата на мострата што е испитувана при одредувањето на подобноста за употреба на односниот агрегат за изработка на лесноагрегатен бетон (меродавна мостра).

Лесните агрегати чии гранулации се разликуваат од гранулацијата на меродавната мостра, не можат да се употребат сѐ додека со потребни испитувања не се докаже дека од такви агрегати може да се изработи лесноагрегатен бетон со пропишаниот квалитет.

Член 13

Загубата на тежината на лесен агрегат поради жарење не смее да биде поголема од 5%.

Член 14

Лесните агрегати не смеат да содржат штетни материи кои негативно дејствуваат врз врзувањето и зацврстувањето на цементот односно врз цврстината и густината на бетонот, како ниту состојки кои можат да доведат до корозија на арматурата и бетонот.

Член 15

Лесниот агрегат не смее да биде загаден со органски материи.

Член 16

Содржината на честици со пречник помал од 0,09 mm во ситен агрегат не смее да биде поголема од 5%, а во крупен агрегат — поголема од 2% од неговата тежина. Наведените вредности можат да бидат поголеми ако наспоредните испитувања покажат дека содржината на мошне фини честици поголема од тие вредности, не влијае негативно врз цврстината на лесноагрегатниот бетон.

Член 17

Содржината на честици со пречник помал од 0,02 mm во природен агрегат не смее да биде поголема од 2%, а во вештачки произведен агрегат — поголема од 3% од неговата тежина. Наведените вредности можат да бидат поголеми, ако наспоредните испитувања покажат дека содржината на правливи честици поголема од тие вредности, не влијае негативно врз цврстината на лесноагрегатниот бетон.

Член 18

Волуменската тежина на лесен агрегат во слободно насипана состојба, исушен на 105°C до константната тежина, мора да им одговара на условите одредени во таблица 3.

**Таблица 3 — Дозволени волуменски тежини на лесен агрегат**

(во kp/m³)

| Вид на лесен агрегат | Вид на бетон | | |
|---|---|---|---|
| | Изолационен | Изолационо-конструктивен | Конструктивен |
| Перлит и вермикулит | 120 | 220 | |
| Други лесни агрегати (природни и вештачки): | | | |
| Ситен лесен агрегат (max. 4 mm) | 600 | 800 | 1.100 |
| Крупен лесен агрегат (max. 31,5 mm) | 400 | 600 | 900 |
| Комбиниран лесен агрегат | 500 | 750 | 1.000 |

Волуменската тежина на последователните испораки на лесен агрегат од ист вид не смее да се разликува за повеќе од 10% од волуменската тежина на меродавната мостра.

Член 19

Постојаноста на волуменот на лесен агрегат се проверува со испитување на постојаноста на волуменот на лесноагрегатен бетон, изработен од испитуваниот агрегат.

На бетонските епрувети, чија постојаност на волуменот се испитува во автоклав, не смеат да се регистрираат појави на пуканици, пукнатини или деформации на обликот.

Член 20

Отпорноста на лесен агрегат на мраз се утврдува ако лесен агрегат се употребува за изработка на лесноагрегатен бетон изложен на наизменично дејство на влага и мраз.

Отпорноста на лесен агрегат на мраз се утврдува со испитување на отпорноста на лесноагрегатен бетон на мраз, изработен од испитуваниот лесен агрегат.

Член 21

Уедначеноста на квалитетот на лесен агрегат се одредува со испитување на лесноагрегатен бетон во поглед на цврстината на притисок и волуменската тежина.

Средната цврстина на лесноагрегатен бетон изработен од лесен агрегат не смее да се разликува за повеќе од 15% од средната цврстина на лесноагрегатен бетон изработен со меродавна мостра на лесен агрегат. Дозволеното отстапување од волуменската тежина на меродавната мостра смее да изнесува најмногу 0,10 kp/dm$^3$.

Член 22

Гранулометрискиот состав на мешаница на лесен агрегат мора да се одбере така што да се обезбедат оптималните особини на бетонот во зависност од намената.

За да се добие задоволителна едноликост на гранулометрискиот состав на мешаница на лесен агрегат, треба да се употребат соодветен број и видови на фракции.

Фините фракции на лесен агрегат во конструктивен лесноагрегатен бетон можат да бидат делум или наполно заменети со природен агрегат од минерално потекло.

Квалитетот на природен агрегат, употребен за делумна или целосна замена на фините фракции на лесен агрегат, мора да им одговара на условите пропишани со овој правилник, освен во поглед на волуменската тежина.

Гранулометрискиот состав на мешаница на лесен агрегат се утврдува врз основа на претходни експериментални испитувања, зависно од материјалот што ќе се употреби за конструкцијата, од начинот и условите на транспортот и вградувањето на лесноагрегатен бетон, како и од другите елементи што можат да влијаат врз конечната вредност на квалитетот на лесноагрегатен бетон. Одбраниот гранулометриски состав не може да се менува без повторно експериментално испитување.

Максималното зрно на лесен агрегат во мешаница мора да биде помало или најмногу еднакво на една третина на најмалата димензија на елементот за кој лесниот агрегат се користи. Ова зрно мора да биде помало од најмалото слободно растојание на прачките на арматурата во еден хоризонтален ред.

Член 23

Обемот и видот на испитувањето на лесен агрегат мораат да се приспособат кон значењето на објектот, кон темпото на бетонските работи, како и кон степенот на техничката опременост за неговото производство и преработка.

Ако е во прашање лесен агрегат произведен по вештачки пат, испорачувачот на лесниот агрегат мора да има уверение за неговите суштествени карактеристики.

Член 24

Цементот, водата и другите додатоци што се употребуваат за приготвување на лесноагрегатен бетон, мораат да им одговараат на условите одредени со Правилникот за техничките мерки и услови за бетон и армиран бетон.

Член 25

Особините на челикот мораат да им одговараат на условите одредени со Правилникот за техничките мерки и услови за бетон и армиран бетон.

Погодноста и сигурноста на примената на одобрениот вид челик мораат да се докажат теоретски и експериментално.

## III. ЛЕСНОАГРЕГАТЕН БЕТОН

Член 26

За лесноагрегатните бетони важат одредбите на Правилникот за техничките мерки и услови за бетон и армиран бетон, ако со одредбите на овој оддел не е одредено поинаку.

Член 27

Количината на цементот за приготвување на лесноагрегатен бетон се одредува врз основа на претходни испитувања.

Член 28

Составот на мешаницата на лесноагрегатен бетон мора да му одговара на оптималниот состав утврден во претходно извршени испитувања.

При одредување на водоцементниот фактор, во вкупната количина на водата треба да се засмета и водата што е додадена на лесен агрегат при неговото претходно влажење.

Член 29

Деформациите и влијанијата поради краткотрајни оптоварувања на лесноагрегатен бетон се утврдуваат врз основа на модулот за еластичност и модулот за смолкнување.

Член 30

Ако модулот за еластичност не е одреден експериментално, за вредностите на модулот за еластичност на лесноагрегатен бетон можат апроксимативно да се земат 1/3 до 2/3 од вредноста на модулот за еластичност на лесноагрегатниот бетон со природен тежок агрегат од соодветна цврстина на притисок, со тоа што треба да се земат предвид видот на лесноагрегатниот бетон и начинот на испитувањето.

Член 31

Течењето на лесноагрегатен бетон се одредува врз основа на резултатот на испитувањето, при што треба да се има предвид дека течењето на лесноагрегатните бетони е скоро двојно поголемо од течењето на бетонот со природен тежок агрегат од соодветна цврстина на притисок.

## IV. ПРЕТСМЕТКА

Член 32

Носечките конструкции од лесноагрегатен бетон се пресметуваат на начинот определен со Правилникот за техничките мерки и услови за бетон и армиран бетон.

Член 33

При пресметувањето на статички неопределените величини и деформации, се применува модулот за еластичност $E_{lab}$, според одредбите на член 30 од овој правилник.

Член 34

За пресметување на лесноагрегатни армиранобетонски пресеци бројот на еквиваленцијата — односот на модулот за еластичност на челикот и односниот лесноагрегатен бетон, се зема според изразот

$$n = \frac{E_a}{E_{lab}}$$

при што $E_{lab}$ мора да биде утврден експериментално.

## V. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 35

Одредбите на овој правилник ќе се применуваат на конструкциите чија изградба ќе почне три месеци по влегувањето во сила на овој правилник.

Член 36

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

15 бр. 9843/1
10 ноември 1971 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
**Бошко Димитриевиќ**, с. р.

5.

Врз основа на член 205 став 2 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65), во согласност со сојузниот секретар за труд и социјална политика, директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА МЕРИЛАТА НА ТЕЛЕСНАТА И ДУШЕВНАТА СПОСОБНОСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПОСАДАТА НА ВОЗДУХОПЛОВ

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се одредуваат мерилата и начинот на утврдувањето на телесната и душевната способност на членовите на посадата, а заради здобивање со дозволи за вршење на одредени стручни и други работи на воздухопловот.

Како членови на посадата на воздухоплов, во смисла на овој правилник, се подразбираат: пилотите, навигаторите летачи, радионавигаторите летачи, радиооператорите летачи, авиомеханичарите летачи и помошниот персонал што ги врши другите работи на воздухоплов.

Член 2

Утврдувањето на здравствената способност на членовите на посадата на воздухоплов според овој правилник се врши врз основа на лекарски прегледи што ги вршат:

1) лекарите што ќе ги овласти Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба;

2) воздухопловно-лекарските комисии;

3) Вишата воздухопловно-лекарска комисија.

Член 3

За утврдување на здравствената способност на членовите на посадата на воздухоплов според овој правилник можат да бидат овластени само оние лекари од член 2 точка 1 на овој правилник (во понатамошниот текст: овластените лекари) што успешно го завршиле школување во Воздухопловно-медицинскиот институт, според програмата што ја пропишува Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Член 4

Воздухопловно-лекарската комисија (член 2 точка 2) се состои од лекари од следните специјалности: интернист — кардиолог, оториноларинголог, офталмолог, невропсихијатар и психолог.

Составот на воздухопловно-лекарската комисија (во понатамошниот текст: лекарската комисија), го утврдува директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Работата на лекарските комисии се врши кај здравствените институции што имаат специјализирана опрема за воздухопловно-медицинска експертиза (барокомори, апарати за симултано регистрирање на повеќе физиолошки параметри, вестибулометрија и аудиометрија).

Член 5

Вишата воздухопловно-лекарска комисија од член 2 точка 3 на овој правилник (во понатамошниот текст: Вишата лекарска комисија), се состои од три члена, што ги именува директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Член 6

Лекарските прегледи за утврдување на здравствената способност на членовите на посадата на воздухоплов ги вршат овластени лекари и лекарски комисии по лично барање на лицето што сака да се подложи на преглед односно на работната или друга организација, или по барање на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Член 7

Овластените лекари вршат редовни и вонредни лекарски прегледи на спортски пилоти, на помошни членови на посада на воздухоплов, на ученици летачи, како и на професионални пилоти, на навигатори летачи, на радиотелеграфисти летачи и авиомеханичари летачи, на наставници по моторно летање и на наставници по едриличарство.

Член 8

Лекарските комисии вршат редовни и вонредни лекарски прегледи на сообраќајни пилоти, на сообраќајни пилоти на хеликоптер, на професионални пилоти од прва класа и на професионални пилоти што учествуваат во јавниот воздушен сообраќај.

Лекарските комисии вршат редовни и вонредни лекарски прегледи и на професионални пилоти, на радиотелеграфисти летачи, на механичари летачи, на наставници по моторно летање, на наставници по едриличарство што не учествуваат во јавниот воздушен сообраќај.

Член 9

Ако при прегледот се утврди здравствена состојба која отстапува од критериумите на телесната и душевната способност пропишани со овој правилник, лицето може да биде огласено за способно под услов:

1) здравствената состојба да е таква што да не може да доведе до ненадејна неспособност за вршење на должноста;

2) евентуалните недостатоци да се функционално компензирани;

3) прегледаното лице да располага со професионална способност, вештина и искуство со кои може да го надомести утврдениот недостаток.

и тежина да не е значително нарушен, виталниот капацитет да не е под 3.000 ccm за двата пола, апнејата да не трае под 40 секунди за двата пола, да нема анатомски растројства, да нема поголеми лузни, да има кожа на телото еластична и мазна, ингвинални пропусти цврсти, заби здрави (кариозните поправени или извадени), надворешните делови на очите и на очните аднекси анатомски и функционално исправни, уши, нос и грло анатомски и функционално исправни;

3) да има срцево-садовен апарат анатомски и функционално во физиолошките граници, анатомски и функционално нормален респираторен систем, систем за варење и ендокрини жлезди, сите сетила во физиолошки граници; да постои интегритет на нервниот систем при евентуални дискретни оштетувања на периферниот нервен систем без оштетување на функцијата или лесно намалување на функцијата;

4) да е психички здраво со поблаги отстапувања во доменот на емоционалната стабилност и зрелост што тоа ги решава со нормални одбранбени механизми и кои се без влијание врз професионалната адаптација на летачот; општата интелигенција, брзината и точноста на забележувањето, брзината и точноста на едноставните сметковни операции, визуелното паметење, координираната перцептивна моторна активност да се во границите на просекот;

5) ако со испитувањето во тивка комора не се утврди загуба на слухот на секое уво поголема од 30 децибели за фреквенции од 500, 1.000 и 2.000 цикла во секунда, загуба на слухот не поголема од 40 децибели за фреквенции од 3.000 цикла во секунда и загуба на слухот не поголема од 50 децибели за фреквенции од 4.000 цикла во секунда;

6) ако при контролниот преглед се утврди загуба на слухот поголема од наведената во член 15 став 1 точка 5 на овој правилник, тоа мора да чуе шепот од одалеченост од 3 метра, а говор со средна јачина од оддалеченост од 5 метра од испитувачот под услов да е свртен со грбот кон испитувачот;

7) ако острината на видот на секое око, без или со корекција, не е послаба од 0,9 (9/10), при ограничување без корекција на секое ако видот да не смее да биде послаб од 0,40 (4/10);

8) ако нормално распознава бои на Лантерн-тест.

Навигаторот летач, радиотелеграфистот летач, механичарот летач и контролорот на летањето треба да ги исполнат условите предвидени за слухот според критериумот на способноста А.

Член 17

По критериумот на способноста C се утврдува здравствената способност на лицето што ги исполнува следните услови на здравствената состојба:

1) да нема никакво вродено или стечено заболување или состојба која би можела да предизвика таков степен на функционална слабост што би му оневозможила ракување со воздухопловот, односно вршење на службата во нормални услови на летањето;

2) да е правилно развиено, односот на височината и тежината на телото да не укажува на патолошки состојби, виталниот капацитет да не е под 3.000 ccm за двата пола, апнејата да не трае под 40 секунди за двата пола, да нема поголеми анатомски растројства, да нема поголеми лузни, да има ингвинални пропусти цврсти, заби здрави (кариозните поправени или извадени), надворешните делови на очите и на очните аднекси функционално исправни, уши, нос и грло анатомски и функционално исправни;

3) да има срцево-садовен апарат анатомски и функционално во физиолошките граници, функционално нормален респираторен систем, систем за варење и еднокрини жлезди, сите сетила во физиолошките граници, ако нема акутно или хронично заболување на централниот и периферниот нервен систем;

4) да е интелектуално нормално, да нема психотични симптоми и потрајни невротични симптоми, да нема растројство во структурата на личноста што ја нарушува социјалната и професионалната адаптација, општата интелигенција или механичкото заклучување, брзината и точноста на забележувањата и психомоторните функции да се најмалку на долната граница на просекот или просечни;

5) во поглед на слухот да ги исполнува условите пропишани во член 17 точка 5 од овој правилник;

6) во поглед на видот и распознавањето на боите да ги исполнува условите пропишани во член 16 став 1 точ. 7 и 8 од овој правилник.

## III. Трајна неспособност

Член 18

Ако при лекарскиот преглед кај одделно лице се утврди заболување, повреда, наследни или стечени мани и други патолошки состојби што влијаат врз вршењето на летачките должности, надлежната лекарска комисија ќе донесе решение за трајна неспособност на таквото лице за вршење на работите на членовите на посадата на воздухоплов.

Член 19

Трајна неспособност за летачка служба предизвикуваат следните заболувања:

1) заболувања на срцето: хипертрофија и дилатација на срцето докажана со клинички електрокардиографски и рендген прегледи, конгенитални заболувања на срцето следени со проширување на срцето со електрокардиографски промени и со неадекватна оксигенација на миокардот, хроничен перикардитис, ендокардитис, миокардитис, аортални стенози и инсуфициенции, митрална стеноза и инсуфициенција, и декомпензирана миокардиопатија;

2) заболувања на белите дробови и на градниот кош: бронхиектазии од тежок степен, емфизем со намалување на респираторната функција, фиброза на белите дробови што ги намалува респираторните функции, спонтан пневмоторакс, цистични бели дробови, и бронхијална астма со компликации;

3) абдомен и абдоминални органи: hiatus hernia со симптоми;

4) заболувања на крвотворните органи и на васкуларниот систем: полицетемија на вените, болест „Burger", болест „Raynaud", и тромбофлебитис рецидивирачки;

5) заболувања на генитоуринарниот систем: состојба по нефректомија ако е следена со повишен крвен притисок или со намалување на функцијата во преостанатиот бубрег, хроничен нефритис со симптоми, нефроза, без оглед на етиологијата, хидронефроза со намалување на бубрежните функции, пиелитис и пиелонефритис со намалување на бубрежните функции, и полицистична болест на бубрезите;

6) заболувања на ендокриниот систем дијабетес инсипидус, хипотиероза, Адисонова болест или синдром, Кушингова болест или синдром и хиперинсулинизмус;

7) невролошки заболувања: ако постои медицинска документација за повреда на главата со загуба на свеста над 30 минути и со трајни невролошки симптоми или со психички растројства, за повреда на главата со загуба на свеста над 2 часа и кога не постојат последици, за хируршки зафати на мозокот, за крвавења — субарахноидални, интрацеребрални и други, за епилепсија, за необјаснети растројства на свеста, за запаливи и дегенеративни заболувања на мозокот и на 'рбетниот мозок, за васкуларни заболувања на мозокот вклучувајќи и церебрални инциденти (тромбози и емболии);

8) психијатриски заболувања: емоционална незрелост и растројства на обносувањето и на карактерот доволно тешки што да оневозможуваат социјална и професионална адаптација, хроничен алкохолизам со психотични растројства, наркоманија, психози и психоневротски растројства долготрајно декомпензирани, што често рецидивираат, ако се

одразуваат врз професионалната адаптација и отежнуваат безбедно вршење на службата;

9) заболувања на горните и долните екстремитети: ако оневозможуваат безбедно вршење на должноста поради состојби по ампутација на кој и да било дел на екстремитети со оштетување на функцијата на екстремитетот, поради атрофија на кој и да е мускул што ја намалува функцијата на екстремитетот, поради деформитети, конгенитални или стечени, како последица на малнутриција, на фрактура поради анкилоза на зглобовите или траума, ограничени движења на поголемите зглобови, и остеомиелитис со и без фистули;

10) заболувања на останатиот мускулноскелетен систем: ако оневозможуваат безбедно вршење на должноста поради деформитет и анкилоза на 'рбетниот столб, последици на церебрални парализи, миастенија гравис, мускулна атрофија и други миопатии, и дискус хернија со присутни радикуларни симптоми или со чести рецидиви;

11) заболувања на кожата и на лимфните жлезди: неврофиброматоза со придружни симптоми на централниот нервен систем;

12) оториноларинголошки заболувања: деформитети на лицето или на главата што оневозможуваат носење на летачка опрема, хроничен атрофичен ринитис од тежок степен, алергичен ринитис од тежок степен, трајни промени на гласниците што го отежнуваат говорот, поголеми атхезии на мекото непце и на фаринксот што го отежнуваат говорот и респирацијата, хронични заболувања и растројства на внатрешното уво, трајни растројства на барофункцијата, хронични воспаленија на надворешното уво и хронични воспаленија на ушната школка што го попречуваат носењето на слушалки;

13) заболувања на окото: фиксационен нистагмус, кривогледост, глауком, хориоретинитис што рецидивира, аблација на ретината ретинитис пигментоза, отсуство на една или на двете леќи, и парализа на мускулот на очното јаболко;

14) малигни заболувања.

## IV. Привремена неспособност

Член 20

Лицата кај кои при контролните лекарски прегледи ќе се утврдат болести, повреди, состојби на аномалија, наследни или стечени мани, односно ако се утврди дека вакните состојби доведуваат до растројство на функциите што оневозможуваат безбедно вршење на должноста, се огласуваат привремено неспособни до излекувањето.

Привремената неспособност ја предизвикуваат следните заболувања:

1) заболувања на белите дробови и на градниот кош: бронхоплеврални фистули, состојба по лобектомија додека не се нормализираат респираторните функции, а најмалку 6 месеци по операција, плевритис со излив, емпием, пневмоторакс артифицијален 6 месеци по излекувањето, активна туберкулоза до излекувањето, апсцес на белите дробови и микотични заболувања на белите дробови;

2) абдомен и абдоминални органи: холелитијаза, акутен хепатитис и хроничен хепатитис со знаци на намалување на функцијата на црниот дроб, ингвинална или феморална хернија со тенденција кон инкарцерација и странгулација, спленомегалија, и состојба по оперативен зафат во абдоменот зависно од видот на зафатот, а најмалку 3 месеци;

3) заболувања на крвотворните органи и на васкуларниот систем: анемии, периферен едем, синкопа, и аневризма или артериовенска фистула;

4) заболувања на генитоуринарниот систем: камен на бубрезите и на мочните патишта, состојба по нефректомија и по други хируршки интервенции најмалку 3 месеци протеинурија и еритрурија додека не се исклучи системското или генитоуринарното заболување, гликозурија (додека не се открие причината);

5) заболувања на ендокриниот систем: хипертиреоза, и изразити ендокрини, метаболични и внатрешни растројства;

6) невролошки заболувања: повреда на главата со губење на свеста до 2 часа (ако не настапиле трајни последици но летањето не може да се дозволи најмалку една година по претрпената повреда);

7) психијатриски заболувања: психоневротски растројства што го оневозможуваат членот на посада безбедно да ги врши работите на воздухопловот (опсесивно-компулзивни реакции, конверзивна хистерија, дисоцијативни реакции, депресивни реакции, фобични реакции);

8) заболувања на горните и долните екстремитети: невралгии што ја намалуваат функцијата на екстремитетите;

9) заболувања на останатиот мускулноскелетен систем: заболувања на зглобовите;

10) заболувања на кожата и на лимфните жлезди: аденопатии — секундарни;

11) оториноларинголошки заболувања: фистула на вратот конгенитална или стечена, малформација и опструкција на носот што ја отежнуваат респирацијата, хроничен пурулентен синуситис, и хронични воспаленија на средното уво без знаци на отитички процес;

12) заболувања на окото: птоза на капаците која влијае врз функцијата на видот, катаракта додека има последици врз функциите на видот, ретинални ексидати, хеморагии или едем на ретината, воспални заболувања на ретината, на увеата или на други структури на окото, едем на папила, синехии предни и задни, зеници што не реагираат и нееднакви зеници, додека не се открие причината, отсуство на конвергирачка линија во кој и да било квадрат, и неможност за конвергенција врз блиските објекти;

13) состојби во текот на употреба на лекови со: антихистаминицими, наркотици, барбитурати, лекови за подобрување на расположението, за смирување и антикинетици;

14) бенигни тумори.

## V. Посебни мерила на здравствената способност кај одредени видови болести

Член 21

Лицата кај кои во текот на лекарскиот преглед ќе се утврди постоење на гризлица на желудникот или на дванаесетпрсното црево не се способни за вршење на летачките должности, освен во следните случаи:

1) ако од денот на хируршкото излекување поминала една година а рендгенолошките и лабораториските наоди не покажуваат рецидив или потешко оштетување на функцијата;

2) ако во текот на конзервативното лекување дошло до рендгенолошка санација, па по тоа нема тегоби во текот на 3 месеци а лабораториските наоди се во границите на нормалата.

Член 22

Лицата кај кои во текот на лекарскиот преглед ќе се утврди постоење на аритмија можат да бидат оценети за способни само ако се открие:

1) синусна аритмија и повремени вентрикуларни екстрасистоли кои исчезнуваат при напор;

2) тахикардија поради возбуда или напор;

3) брадикардија без знаци на A-V блок.

Член 23

Лицата ќе бидат оценети трајно неспособни ако по електрокардиографски пат се утврдат следните растројства на спроведување:

1) комплетен блок;

2) блок на левата гранка;

3) блок на десната гранка следен со конгенитални или органски заболувања.

Трајно неспособни се сметаат и оние лица кај кои електрокардиографскиот наод потврдува:

1) свеж или стар инфаркт на миокардот;

2) јасна инсуфициенција на коронарната оксигенација;

3) напрегање на вентрикулите.

Член 24

Кандидатот што се распоредува под критериумот на способноста А, ако неговиот кардиоваскуларен систем е во нормални граници, при лекарскиот преглед мора да го има зависно од годините на возраста, следниот артериски притисок:

| Години на возраст: | Систолен притисок до: | Дијастолен притисок до: |
|---|---|---|
| од 20 до 29 | 140 | 88 |
| од 30 до 39 | 145 | 92 |
| од 40 до 49 | 155 | 96 |
| од 50 и повеќе | 160 | 98 |

Кандидатот што се распоредува под критериумот на способноста В или под критериумот на способноста С, ако неговиот кардиоваскуларен систем е во нормални граници, при лекарскиот преглед треба да го има, зависно од годините на возраста, следниот артериски притисок:

| Години на возраст: | Систолен притисок до: | Дијастолен притисок до: |
|---|---|---|
| од 20 до 29 | 150 | 92 |
| од 30 до 39 | 155 | 98 |
| од 40 до 49 | 165 | 100 |
| од 50 и повеќе | 170 | 100 |

При прегледот за сите критериуми на способноста пулсот не смее да изнесува повеќе од 100 во минута, ниту повеќе од 140 во минута по напор од 20 чучнувања во текот на 30 секунди, со тоа што во текот на две минути пулсот треба да се врати на претходната вредност која може да биде наголемена за 10.

Лицата кај кои во текот на прегледот ќе се појави пароксизмална тахикардија, односно брадикардија под 50 отчукувања во минута, се сметаат за неспособни.

Член 25

Лицата кај кои при лекарскиот преглед ќе се утврди шеќерна болест која бара лекување со инсулин или со перорални антидијабетици, ќе бидат огласени трајно неспособни.

Лицето кај кое во текот на прегледот ќе се утврди шеќерна болест, ако шеќерната болест е од таква природа што гликемијата да може да се регулира со диета, а не постојат промени на очното дно, на миокардот, на бубрезите, на уринот и нема невролошки испади, може да биде прогласено за способно најдолго три месеци, со тоа што е должно по истекот на тој рок повторно да се подложи на лекарски преглед.

## VI. Начин на работата

Член 26

Ако овластениот лекар при прегледот утврди дека пропишаните методи се недоволни за точна оцена на способноста, според своето наоѓење го проширува обемот на прегледот и бара дополнителни специјалистички прегледи и лабораториски анализи.

Член 27

Сите податоци што ќе се утврдат при прегледот се внесуваат во образецот бр. 1 пропишан со овој правилник.

Член 28

Анамнестичките податоци се земаат според образецот бр. 1.

Во случај на позитивен одговор на кандидатот, овластениот лекар е должен подетално да го забележи одговорот.

При земањето на податоците лекарот е должен на кандидатот да му обрне внимание на кривичната одговорност во случај на давање неточни податоци. Кандидатот е должен во присуство на лекарот да ја потпише дадената анамнеза.

Член 29

Општиот преглед опфаќа:

1) мерење на телесната тежина и височина и оцена на конституцијата;

2) преглед на кожата и на видливите слузници;

3) преглед на усниот глоб, на венците, на забите, на јазикот, на непчените лакови, на тонзилите и грлото, на лимфната жлезда на главата и вратот;

4) утврдување на еластичноста на мускулите, на рамните табани, на деформитетите на телото, на ампутации, на проширени вени и на ограниченоста на движењата.

Член 30

Интернистичкиот преглед опфаќа:

1) инспекција, перкусија и аускултација на градниот кош;

2) аускултација на срцето, мерење на крвниот притисок и на пулсот по 5 минути лежење, по 20 чучнувања и 2 минути по замор;

3) палпација на абдоменот, црниот дроб, слезинката и груба перкусија на бубрежната ложа;

4) палпација на тиреоидејата и утврдување на егзофталмусот.

Член 31

Електрокардиографскиот преглед (12 одводи) се врши за сите предвидени критериуми на способноста при првиот лекарски преглед.

За критериумот на способноста А и за критериумот на способноста В електрокардиографскиот преглед се врши при секој преглед.

За критериумот на способноста С електрокардиографскиот преглед се врши еднаш во 24 месеци, ако лицето има над 40 години возраст.

Член 32

Рендгенографија на срцето и на белите дробови се врши за сите предвидени критериуми на способноста при првиот преглед.

За критериумот на способноста А и за критериумот на способноста В рендгенографија на срцето и на белите дробови се врши еднаш во дваесет и четири месеци.

Рендгеноскопија на срцето и на белите дробови се врши при секој преглед за критериумот на способноста А и за критериумот на способноста В.

Член 33

Оториноларинголошкиот преглед опфаќа:

1) риноскопија, фарингоскопија, ларингоскопија и отоскопија;

2) утврдување на спонтаниот нистагмус;

3) испитување на динамостатиката со методата модифициран Romberg.

Член 34

Испитувањето на слухот се врши:

1) со тонална лиминарна аудиометрија при првиот преглед и подоцна еднаш годишно за критериумот на способноста А и за критериумот на способноста В;

2) со шепот од 2 метра за секое уво посебно за критериумот на способноста C.

Член 35

Офталмолошкиот преглед опфаќа:

1) надворешен преглед на окото и аднексот, подвижност на булбусот, облик, големина и реакција на зеницата на светлина и акомодација, испитување на конвергенцијата;

2) одредување на видното поле со методата на конфронтација;

3) дигитално одредување на тонусот на очните јаболка;

4) испитување на острината на видот со Snellen-овите таблици или со Ortoreter;

5) испитување на видот на близина со Jeager — таблици;

6) испитување на колорниот вид со Ishiara — таблици или со Lantern-тест.

Член 36

Преглед на очното дно, испитување на форијата и одредување на видното поле со периметрија се врши:

1) кај сите при првиот преглед за повисок критериум на способноста;

2) еднаш во 2 години за критериумот на способноста A и за критериумот на способноста B.

Член 37

Невропсихијатрискиот преглед опфаќа:

1) испитување на рефлексот — бицепсот (пателарен, Ахилов, стомачен, Бабински, Hvostek);

2) утврдување на вазомоторната лабилност, потење;

3) испитување на дермографизмот;

4) утврдување на треморот (раце испружени, прсти раширени, очи затворени);

5) оцена на јасноста на говорот;

6) оцена на психичкиот статус од разговорот.

Член 38

Психолошкото тестирање се врши при првиот преглед за критериумот на способноста A и за критериумот на способноста B, со помош на батерии, тестови и интервјуа насочени спрема професионалниот профил на кандидатот.

Член 39

Лабораториските анализи опфаќаат:

1) хемограм (SE, Hb, еритроцити и леукоцити) и урин (специфична тежина алб., Fehling и седимент) при првиот преглед за сите предвидени критериуми на способноста;

2) хемограм (SE, Hb, еритроцити и леукоцити) еднаш во 12 месеци за критериумот на способноста A и за критериумот на способноста B.

3) урин (спец. теж. alb. Fehl. и сед.) при секој преглед за критериумот на способноста A и за критериумот на способноста B и еднаш во 24 месеци за критериумот на способноста C;

4) проба на оптоварување со гликоза при првиот преглед за критериумот на способноста A и за критериумот на способноста при прегледот на сите кандидати по наполнетата 40-та, 45-та и 50-та година на возраст;

5) хепатограм при првиот преглед за критериумот на способноста A и за критериумот на способноста при прегледот на сите кандидати по наполнетата 40-та, 45-та и 50-та година на возраст.

**VII. Медицинска документација**

Член 40

Лекарската комисија односно овластениот лекар е должен да ја води следната документација на здравствената евиденција:

1) лист на комисискиот —лекарскиот преглед, на образецот бр. 1, кој се пополнува во два примерока. Еден примерок (оригиналот) ѝ се доставува на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба, а другиот примерок (дупликатот) се прилага кон здравствената документација;

2) лекарско уверение, на образецот бр. 2, кое пополнето му се предава на прегледаното лице;

3) книга на работата на овластениот лекар — лекарската комисија, на образецот бр. 3, што ја издава и ја заверува Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба. Заверената книга им ја предава на употреба на овластените лекари, односно на лекарската комисија. Книгата се пополнува според редоследот на извршените прегледи. По завршениот дневен преглед од страна на лекарската комисија книгата ја заверуваат со своите потписи членовите на лекарската комисија;

4) досие на здравствената евиденција, на образецот бр. 4. Кон ова досие се прилагаат дупликатите „листовите на комисискиот — лекарскиот преглед" и сета друга здравствена документација.

Член 41

Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба не може да издаде односно да продолжи важење на дозвола на член на посада на воздухоплов (член 87 од Законот за воздушната пловидба) пред да ги прими пополнетите „листови на комисискиот — лекарскиот преглед".

Член 42

Сите обрасци пропишани со овој правилник ги изработува Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба и им ги доставува на употреба на овластените лекари односно лекарски комисии.

Член 43

Обрасците бр. 1, 2, 3 и 4, наведени во овој правилник, се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

**VIII. Преодни и завршни одредби**

Член 44

Лекарските уверенија за телесната и душевната способност издадени од лекарските комисии до денот на влегувањето во сила на овој правилник, остануваат во сила до истекот на рокот на нивното важење според Правилникот за мерилата на телесната и душевната способност на членовите на посада на воздухоплови („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/66).

Член 45

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за мерилата на телесната и душевната способност на членовите на посада на воздухоплови („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/66).

Член 46

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

09 бр. 94/1
3 декември 1971 година
Белград

Го заменува директорот
на Сојузната управа за
цивилна воздушна пловидба
помошник,
**Милорад Шљивар, с. р.**

**Образец бр. 1**

Овластен лекар — лекарска комисија

## ЛИСТ НА КОМИСИСКИОТ — ЛЕКАРСКИОТ ПРЕГЛЕД

I. Лични и анамнестички податоци:

Презиме и име——————————пол————
Година на раѓањето————. Дозвола за кој се врши прегледот——————. Преглед прв /———/ — контролен /————/ за критериумот на способноста:
Должност што ја врши———————————————
Воздухопловна организација————————————
Време на летањето од последниот преглед ————

| | да | не |
|---|---|---|
| Дали се занимавате со спорт | / / | / / |
| Дали пушите | / / | / / |
| Дали земате алкохол | / / | / / |
| Дали сте имале несреќа | / / | / / |
| Дали земате сега какви и да било лекови | / / | / / |
| Дали имате посебна склоност (хоби) | / / | / / |

Дали некогаш сте имале, боледувале, биле испитувани или лекувани поради:

| | да | не | | да | не |
|---|---|---|---|---|---|
| повишен крвен притисок | / / | / / | туберкулоза | / / | / / |
| тегоби од страна на срцето | / / | / / | шеќерна болест | / / | / / |
| несвестица | / / | / / | венерични заболувања | / / | / / |
| тегоби од страна на стомакот | / / | / / | други болести | / / | / / |
| камен или крв во мочот | / / | / / | оперирани | / / | / / |
| алергија | | | боледувања, прегледи и испитувања од последниот преглед за продолжување на важењето на дозволата | / / | / / |

Детали:

Дали некој во вашата фамилија боледувал или е лекуван од:

| | да | не | | да | не |
|---|---|---|---|---|---|
| шеќерна болест | / / | / / | душевни заболувања | / / | / / |
| алергија | / / | / / | алкохолизам | / / | / / |
| рак | / / | / / | други заболувања | / / | / / |

II. Антропометриски и општи медицински прегледи:

Височина / cm/; тежина / kg/; конституција / /
Лични знаци / /; динамометрија / /
Витален капацитет / $cm^3$/;

| | П | Н | Детали: |
|---|---|---|---|
| Коски, зглобови, мускули | / / | / / | |
| Генито-уринарен систем | / / | / / | |
| Хируршки заболувања | / / | / / | |

Мислење: Потпис

III. Интернистички прегледи:

| | П | Н | Детали: |
|---|---|---|---|
| Кожа и слузница | / / | / / | |
| Глава и врат | / / | / / | |
| Респираторен систем | / / | / / | |
| Кардиоваскуларен систем | / / | / / | |
| Абдомен | / / | / / | |
| Ендокринен систем | / / | / / | |
| EKG (датум) | / / | / / | |
| Rö пулмо (датум) | / / | / / | |
| Rö-скопија | / / | / / | |
| Rö-графија | / / | / / | |

Време на апнејата
лежечки сек по 20 чучнувања по 2 минути
ТА / / / /
Пулс / / / /
Дополнителни прегледи:
Лабораториски наоди:
Хемограм: SE / Hg./ / gr% L/ /
Урин: Sp. t. / /, alb./ /, Fehl./ /, Sed./ /
Други наоди:
Мислење: Потпис

IV. Оториноларинголошки прегледи:

| | П | Н | Детали: |
|---|---|---|---|
| Риноскопија | / / | / / | |
| Фарингоскопија | / / | / / | |
| Ларингоскопија | / / | / / | |
| Отоскопија | / / | / / | |
| Спонтани — Ny | / / | / / | |
| Romberg II | / / | / / | |
| Опит Unterberg | / / | / / | |

| Тотална аудиометрија | лево cps десно | 500 | 1000 | 2000 | 4000 | 6000 | Шепот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

Дополнителни прегледи:
Мислење: Потпис

V. Офталмолошки прегледи:

| | П | Н | Детали: |
|---|---|---|---|
| Надворешен преглед | / / | / / | |
| Очно дно | / / | / / | |
| Акомодација и конвергенција | / / | / / | |
| Фории | / / | / / | |
| Видно поле | / / | / / | |
| Интраокуларна тензија | / / | / / | |

| | на далечина без корекција со корекција | на близина без корекција со корекција |
|---|---|---|
| лево | | |
| десно | | |

Колорен вид

| Н | П | | Н | П | | Н | П |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ishiara / | / / | / Lantern / | / / | / Други / | / / | / |

Дополнителни прегледи:
Мислење: Потпис

VI. Невропсихијатриски прегледи:

| | П | Н | Детали: |
|---|---|---|---|
| Мозочни нерви | / / | / / | |
| Периферни нерви | / / | / / | |
| Вазомоторни растројства | / / | / / | |
| Дермографизам | / / | / / | |
| Тремор | / / | / / | |
| Рефлекси | / / | / / | |
| Говор | / / | / / | |
| Психа | / / | / / | |

Други наоди:
Мислење: Потпис

VII. Заклучок:

Dg.

/ / Кандидатот ги исполнува условите на критериумот на способноста / / без ограничување / / — со ограничување / / и тоа / /.

/ / Оцената за способноста е донесена со примена на член 9 од овој правилник.

/ / Кандидатот е неспособен за вршење на летачките должности.

Книга на работата бр. / /

Датум / / / / / /

Место / /

Претседател на Комисијата
овластен лекар

Н. — Овластениот лекар го потпишува единствено заклучокот.

**Образец бр. 2**

ЛЕКАРСКА КОМИСИЈА

ЛЕКАРСКО УВЕРЕНИЕ

Се потврдува дека / / е роден на / / година во место / / на од страна / /
и дека во смисла на Правилникот за мерилата на телесната и душевната способност на членовите на посадата на воздухоплов за стекнување дозвола и овластување за работа во цивилен воздухоплов (и дека) ги исполнува / / — не ги исполнува / / условите на критериумот на способноста / / без ограничување / / — со ограничување / / /
Именуваниот е способен за вршење на должноста / /.

Книга на работата / /

Датум / / / / / /

Место / /

Претседател на Комисијата
овластен лекар

**Образец бр. 3**

Насловна страна:

КНИГА НА РАБОТАТА НА ОВЛАСТЕНИОТ ЛЕКАР — ЛЕКАРСКАТА КОМИСИЈА

Членови на лекарската комисија:

Претседател на комисијата / / /

Специјалист интернист / / /

Специјалист оториноларинголог / /

Специјалист офталмолог / /

Специјалист невропсихијатар / /

Специјалист психолог / /

Овластување на СУЦВП бр. / / од / / / / / / година.

Секој лист:

| Реден број | Датум | Презиме и име | Критериум на способноста | Оцена | Организација |
|---|---|---|---|---|---|

**Образец бр. 4**

Предна страна

КЕСЕНЦЕ ЗА ВНЕСУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

СОЈУЗНА УПРАВА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА — БЕЛГРАД

(Овластен лекар — лекарска комисија)

ДОСИЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

Презиме, татково име и име ————————————

Звање ——————————

Ден, месец и година на раѓањето ———— место на раѓањето ——————————

Воздухопловна организација

——————————

Задна страна

| Датум | Број на Книгата на работата | Оцена на способноста |
|---|---|---|

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на Уставниот Амандман XXXVI точка 2 под 7, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 14 октомври и на 19 ноември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛИКУВАЊА

I

За претседател на Комисијата за одликувања се именува Вели Дева.

II

За членови на Комисијата за одликувања се именуваат:

1) Мујо Чомиќ (СР Босна и Херцеговина),
2) Драго Стојовиќ (СР Црна Гора),
3) Станко Налетилиќ (СР Хрватска),
4) Методие Антов (СР Македонија),
5) Франц Симонич (СР Словенија),
6) Драгомир Николиќ (СР Србија),
7) Минда Тибор (САП Војводина),
8) Казази Абаз (САП Косово)

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 724/71-5
2 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски, с. р.**

Врз основа на точка 4 од Одлуката за основањето и работата на Комисијата за претставки и жалби Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на седницата одржана на 14 октомври и 19 ноември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРЕТСТАВКИ И ЖАЛБИ

I

За претседател на Комисијата за претставки и жалби се именува Ѓуро Кладарин.

II

За членови на Комисијата за претставки и жалби се именуваат:

1) Миќа Радовиќ (СР Србија),
2) Бранко Синжер (САП Војводина),
3) Иса Соколи (САП Косово),
4) Јенко Маријан (СР Словенија),
5) Младен Павловски (СР Македонија),
6) Лука Кнежевиќ (СР Црна Гора),
7) Стојша Зубер (СР Хрватска),
8) Милован Бузациќ (СР Босна и Херцеговина).

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 725/71-5
3 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски,** с. р.

Врз основа на точка 3 од Одлуката за основањето и работата на Комисијата за помилувања, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на седницата одржана на 14 октомври и 19 ноември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОМИЛУВАЊА

I

За претседател на Комисијата за помилувања се именува Митја Рибичич.

II

За членови на Комисијата за помилувања се именуваат:

1) Велибор Љуиќ (СР Србија),
2) Душан Гаиќ (САП Војводина),
3) Азем Аземи (САП Косово),
4) Славка Георгиевска (СР Македонија),
5) Влатко Бунтиќ (СР Босна и Херцеговина),
6) Милутин Тањевиќ (СР Црна Гора),
7) Едо Ценчиќ (СР Хрватска),
8) Адолф Авиглер (СР Словенија).

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 726/71-5
3 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски,** с. р.

Врз основа на Амандманот XXXVII точка 4 потточка 4, Претседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛИКУВАЊА

I

Се разрешуваат од должност:

1) претседателот на Комисијата: Филип Бајковиќ;

2) членовите на Комисијата: Јожа Јагер, Мухамед Кешетовиќ, Мирјана Крстиниќ

II

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 43
25 ноември 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

### ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за заслуги во развивањето и зацврстувањето на соработката и пријателските односи помеѓу оружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Соединетите Држави на Мексико

### СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

капетанот Otilio Gonzales Bueno, пилот на воздухопловните сили на Соединетите Држави на Мексико.

Бр. 12
10 февруари 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за дваесет и петгодишната работа на школувањето и стручното усовршување на старешинскиот кадар, за видните резултати во пренесувањето и развивањето на воените традиции и искуства, за јакнењето на боевата готовност на единиците на АБХ одбрана, за остварената соработка со другите воени училишта, училишни центри и единици, за соработката со институциите на терен и со општествено-политичките организации

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЛОВОРОВ ВЕНЕЦ

Школскиот центар на АБХ одбрана.

Бр. 13
10 февруари 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Беравс Јанез;

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Залар Славко;

за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Турзански Хелмут;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Прислан Фран;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Анзелц Петер, Бенедик Август, Цоф Богомир, Мочивник Антон, Плевник Јанез;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Амброжич-Черне Мира, Амброжич Миро, Бајде Јанко, Белехар Франц, Бенедичиќ Јоже, Брандашка Едвард, Цудерман-Горенц Ангела, Долиншек Јанез, Гордич-Грчар Марија, Грчар Алојз, Хорват Ловро, Јаворник Антон, Јереб Јанез, Јуван Гашпер, Калан Иван, Керт Јоже, Клеменчич Валентин, Кљун Иван, Кончан Павел, Кожар Јанез, Кунст Иван, Кусељ Фридерик, Лах Антон, Лончар-Горник Људмила, Мајцен Филип, Мравље Силвестер, Надижевец Рудолф, Оман Франц, Пестер Францка, Прислан Франц, Раковец Франц, Росич Алојз, Сирц Франц, Смодиш Драго, Сонц Франц, Шкаработ Марјан, Шмид-Бенедичич Антонија, Свигељ Јоже, Томажин Јожефа, Заплотник Винко, Зорн Рафаел, Зупан Јерца, Зупан-Гасер Марија, Женер Виљем;

за примерно залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Бергант Доротеја, Штерн-Коци Марија;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Аљанчич Штефан, Амброжич-Михелчич Соња, Бајт Јоже, Баковник Јанез, Цијак Иван, Цорн Јанко, Чоферин Марјан, Чуфер Виктор, Цорник Алојз, Грчар Антон, Копач Јоже, Кордиш Јоже, Кунчич Вера, Лончар Иван, Митровиќ-Пелцл Векослава, Нограшек Јоже, Оман-Коњар Људмила, Павловиќ Мирко, Поточник Андреј, Студен Блаж, Сухадолник Јоже, Штер Франц, Томше Јанез, Уршич Иван, Воглар Станислав, Вовк-Брејц Иванка, Вовк Павел, Врбељ Јанко, Заврл Цирил.

Бр. 14
10 февруари 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за извонредни заслуги во одржувањето на добри пријателски врски и за соработка меѓу југословенските и француските борци како и за заслуги за успехот на прославата на педесетгодишнината на пробивот на солунскиот фронт

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Bray Marcel Paul-Andre;

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА НА ЃЕРДАН

Colette Bécourt-Foch;

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Hubert Gaillard, Paul, Roy, Louis Cordier.

Бр. 15
22 февруари 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува по повод шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за покажани извонредни заслуги во организирањето и изградбата на општествениот систем и за особен придонес од општо значење за развитокот на социјализмот и јакнењето на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Шентјурц Лидија.

Бр. 16
2 март 1971 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат по повод шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за истакнати заслуги на развивањето и јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за изградба на социјализмот, за слободата и независноста на нашата земја и за заслуги на полето на миролубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и други земји

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Секулиќ Никола.

за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Будак Перо.

Бр. 17
3 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за заслуги на заштитата и спасувањето на животи, општествен и личен имот со што е сторен значаен придонес на социјалистичката заедница

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Доброволното противпожарно друштво, Видовец;

за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Башиќ Љубомир, Бауер Мишо, Бичаниќ Јелена, Блажиќ Ѓуро, Филиповиќ Анѓела, Главач Мато, Грбиќ Милица, Грујиќ-Пековиќ Даринка, Губерина Иван, Харамија Едмонд, Хорват-Јеѓут Евица, Хумек Паула, Мејашки-Грабријан Катица, Радуловиќ Љубица, Сингер Аница, Смољаниќ-Тодоровиќ Милка, Судар Владимир, Трупељак Фрањо, Врбанус Стево, Вршиќ Стјепан, Вукмировиќ Петар, Звонаревиќ Мила;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Агиќ Марица, Антолковиќ Фрањо, Антониќ Душан, Аралица Никола, Арх Адам, Бабиќ Лео, Бадурина Анѓелко, Бакмаз Милан, Балабан Јован, Balogh dr Marijan, Бан Ѓуро, Баничек Јанко, Бартоловиќ др Данимир, Баста Марко, Бебер Владимир, Бедњанец Људевит, Бенато Рудолф, Бенчевиќ др Звонко, Беницки Мато, Бергман Златко, Благус Иван, Блечиќ Никола, Бобанац Миљенко, Богна Алфонсо, Bonelli Luigi, Босанац Љубомир, Божиќковиќ Душан, Брачиќ Јукица, Бркариќ Антон;

Церовец Винко, Цимбаљевиќ Велимир, Цорел Антун, Цвијановиќ Ѓуро, Ќујиќ-Хрњак Драгица, Чиковиќ Иван, Чучковиќ Богдан, Чурчиќ Антун, Дејановиќ Ружа, Деспот-Баждар Нада, Девчиќ-Рогиќ Анкица, Добровиќ-Врешак Анѓелка, Докозиќ Иван, Доликиќ Никола, Домитровиќ Јосип, Дуган др Чедомил, Дукиќ Ѓорѓе, Ѓоплија Стеван, Ѓуран Јосип, Џубур-Гребо Азра, Егиќ Милан, Енглерт Звонко, Ешкиња Габријел, Фацко Иван, Фарагуна Иван, Фрковиќ-Брозовиќ Злата, Фуќак Драго, Фундук Недељко, Габриќ Лазо, Gjivović Teddy, Грбац Винко, Грубишиќ Живко, Гулан-Узелац Евица, Гумхалтер Љубица;

Халагиќ Илија, Илц Јоже, Јанковиќ Милан, Јеласка Петар, Јелушиќ инж. Тихорај, Јовиќ Јован, Јурак Аугуст, Јурдана Богдан, Јургец Стјепан, Јурковиќ Мирко, Јурковиќ Виктор, Каиќ Иван, Карасман Иван, Кинкела Винко, Кирбос Макс, Клипа Ѓуро, Колунџиќ Мане, Комленац Милан, Комленац Милан, Компањет др Зоран, Косановиќ др Раде, Которан Љубан, Ковач Томислав, Кукиќ Стево, Купрешанин Милан, Кушен Мирко, Кузмиак Иван, Кватерник Иван, Лах Зорослав, Ленац Давид, Лончар Гавро, Лончар Мартин, Лончар Миодраг, Лоренц Јосип, Ловровиќ Винко, Луциќ Марко;

Маѓар Милош, Малешевиќ Владо, Манојловиќ Недељко, Марган Младен, Марјановиќ Мирко, Матковиќ Винко, Меќава Ѓуро, Медаковиќ Стојан, Миховиловиќ Миќо, Микиќ Радован, Миклиќ Петар,

Миклиќ Владислав, Миличевиќ Љубан, Милош Драгутин, Младениќ Антон, Мониќ др Миха, Мориќ Стипе, Мраовиќ Љубан, Мурета, Јосип, Мусафиа др Јосип, Нарсете Јосип, Нерловиќ Ѓуро, Ницк др Алфред, Новак Стјепан, Новаковиќ Васо, Оберитер др Бранко, Оман Ќирил, Опачиќ Јован, Орешковиќ др Мирослав, Осенички Луца;

Падован Анте, Панциќ Винко, Панца Младен, Павиќ Милан, Павин Мијо, Павловиќ Иван, Пеќаниќ Милан, Пелчиќ Роко, Перасовиќ Владо, Перузовиќ Далибор, Петех др Радослав, Петровиќ Милан, Пихлер Милан, Пражиќ др Бранко, Прелец Иван, Пуриќ Александар, Пушец Славко, Радишиќ Јаков, Радојчиќ Раде, Рамоус Освалдо, Раос-Толиќ Магда, Рашета Никола, Рељац Влатко, Родиќ Блажо, Росандиќ Мато, Рошиќ др Ѓуро, Рукавина Марко, Ружиќ Маријан, Саболиќ Павле, Сесартиќ Милан, Смолчиќ-Божуриќ Маца, Совиќ Томо, Срића Вилко, Срук Бранко, Стагњаја Драгомир, Старчевиќ Стјепан, Стегиќ Анте, Стојановиќ Јосип, Стојниќ Владимир, Сундаќ Љубомир;

Шајатовиќ Андрија, Шамец Бранко, Шинцек Ѓуро, Шкарјан Милан, Шковран Стјепан, Шолиќ Владимир, Штајнер Карло, Штаудингер Валтер, Штефан-Копитар Силва, Шупица Бранко, Шупут Василије, Шуран Анте, Швец Павао, Танковиќ Пашо, Ткалчец Драгутин, Томашиќ Лео, Томиќ Никола, Торбица Андрија, Тринајстиќ Милован, Тухтан Милован, Турина др Анте, Турина Власта, Видмар Славко, Вивода Владимир, Влах Бранко, Војновиќ Симо, Воларич инж. Динко, Вранчиќ Јосип, Врус Душан, Вучиниќ Душан, Вуглек Стјепан, Вукојевиќ Обрад, Зобунџија Ладислав, Зубовиќ Славомир, Жагар Драгутин, Живковиќ Јосип, Живковиќ Никола;

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Albrecht Mira, Андријашевиќ Иво, Аусец-Тусулин Зора, Баќац-Поропат Ана, Бачац Албин, Бахлен Перо, Бакариќ Славко, Бакотиќ-Черпес Ивка, Барле-Магистер Ерна, Бедековиќ-Гргец Милка, Белошевиќ Стјепан, Белуловиќ Јаков, Билиќ-Јуриниќ Соња, Блажичевиќ Мате, Волф Славко, Божиќ Ева, Брдар Ружа, Брлек Златко, Бумбак-Јадро Мила, Цесарец Миљенко, Цуцулиќ Станко, Цвечиќ Агица, Чанаѓија Драгица, Чорак Славко, Деканиќ-Топиќ Кармен, Димовиќ Станко, Dobec-Weinrebe Мира, Докозиќ Миле, Доминес Божидар, Драгустин Даринка;

Ѓинѓиќ-Ваѓон Ружа, Енгелман Десанка, Ескенази-Кос Бина, Фадљевиќ Бранко, Фајт Фрањо, Франчиќ Јосип, Фрлан Игнац, Фуќак Бруно, Фуќак Јосип, Гајер-Калањ Невенка, Гечек Грга, Глажар-Павиќ Даница, Глажар-Буковиќ Ружа, Глушчевиќ Миќо, Грубауер Рудолф, Грубор Аница, Гудац Здравко, Хаиндингер Виктор, Хариш Резика, Хегак-Правдица Валерија, Херо-Куртини Божица, Хлача Јосип, Хладниќ Стјепан, Хорозовиќ-Потрч Анкица, Хорватиќ Флоријан, Јагиќ Иван, Јакшиќ-Посавец Јелена, Јакшиќ-Штруцељ Штефанија, Јанкулија Иван, Јањанин Ѓуро, Јасиќ Душан, Јелача Антун, Јелушиќ Војмир, Јерковиќ Марко, Јунг инж. Фрањо, Јурин Аугуст;

Каменар Јосип, Капуста Марија, Каргачин-Жвановиќ Марија, Кашнар Никола, Каталиниќ Перо, Катиќ Јосип, Катниќ Зденко, Кежман Томо, Кључовиќ-Хуњед Драгица, Кнез Стјепан, Колбасин-Живковиќ Невенка, Коленко Анѓелка, Коленко-Клемен Јосипа, Копрек Звонко, Копролчец Славица, Кораќек Алојз, Кориќ Радош, Котник Магда, Ковач Божо, Ковачиќ Здравко, Крајина-Црнковиќ Милица, Кундих Драга, Кутњак Среќко, Лагиња-Бенаш Милена, Латас-Баќиќ Марија, Леватиќ-Добрин Драга, Лончар Бранко, Лонгин Фабијан, Магања Милан, Малчиќ Фрањо, Мандиќ Станко, Марчеља-Широла Даворка, Маровиќ Томислав, Матрљан Драгица, Мажибрада Невенка, Медиќ Перо, Метикош Ева, Миќовиќ Радомир, Микулиќ Стјепан, Модриќ Мијо, Мулц Вилим, Униќ Казимир, Мустач Антон;

Николиќ Станка, Орлиќ-Петричиќ Милка, Остојиќ Виктор, Ожболт-Троха Даница, Паѓен Мазо, Pelčec-Meixner Milada, Паучиќ-Премуш Анка, Павелиќ Марко, Павлетиќ Маријан, Павловиќ Мирко, Перушиќ Владо, Петрц Антон, Пицек Мато, Планиншек Станислав, Плешиќ-Лагиња Милојка, Плишиќ Мате, Поропат-Грбац Јелка, Потконјак Дубравка, Поточник Анкица, Пренц Станко, Пренер Владо, Прибаниќ Бранко, Примужиќ Иван, Рац Лујо, Радетиќ Маријан, Ракитиќ-Пинтариќ Марија, Раусављевиќ Штефица, Редлинг-Делиќ Драгица, Роца Антун, Романиќ Мирко, Ружиќ Иван;

Сабол-Блажиќ Јелка, Саламон др Тилио, Салатиќ Петар, Селаковиќ инж. Марко, Сертич Јурја, Скабиќ Ѓулио, Сладовиќ-Дајхт Фрида, Совиќ-Блашко Марија, Станиќ Романо, Станичиќ Никола, Станислав Људевит, Stepančić-Froha Bety, Стипаничич Фрањо, Стипиновиќ Ќиро, Страњшек Карло, Сукнаиќ Алма, Суран Иван, Суштар Јосип, Свешко Рудолф, Шамс Звонимир, Шашиќ-Сунко Весна, Шауер Зденко, Шегон Зорко, Широла Станко, Шкет инж. Маријан, Шнајдар Андрија, Штефан Драгутин, Шукунда Илија, Шворинич Младен;

Бр. 18
15 март 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за измени на Одлуката за формирање комисии и комитети на Сојузниот извршен совет — — — — — — — | 1 |
| 2. | Одлука за височината на дневниците и за надоместокот на трошоците за превоз на членовите на меѓурепубличките комитети и на работните и други тела на Сојузниот извршен совет — — — — — — — | 1 |
| 3 | Решение за забрана на внесувањето и растурањето на списанието „Stern" — — | 1 |
| 4. | Правилник за техничките мерки и услови за лесноагрегатен бетон — — — — | 1 |
| 5. | Правилник за мерилата на телесната и душевната способност на членовите на посадата на воздухоплов — — — — — | 5 |
| | Решенија — — — — — — — — — — — | 12 |
| | Одликувања — — — — — — — — — — | 13 |
| | Меѓународни договори — — — — — — — | 1 |


**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**